МАКПРОМЕТ АД Штип
0202- 162/1
01.03.2019

Годишно собрание

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА МАКПРОМЕТ АД ШТИП И ДРУШТВАТА ОСНОВАНИ ОД НЕГО ЗА 2018 ГОДИНА

# Годишен извештај за работењето на МАКПРОМЕТ АД Штип

## I .Податоци за друштвото:

Акционерското друштво Макпромет со седиште на ул. д-р Слободан Јовановски бр. 3 Штип е регистрирано како друштво согласно Законот за трговски друштва. Основната дејност на друштвото е производство и трговија со прехрамбени производи со шифра на дејноста 47.11-трговија на мало во специјализирани продавници претежно со храна, пијалоци и друго. Друштвото е регистрирано и за вршење на голем број други дејности.
Друштвото има доминантно учество односно 100% во следниве друштва:
1) Европа ДООЕЛ Штип за производство и трговија на кондиторски производи;
2) Илинден 2002 ДООЕЛ Штип заштитно друштво;
Друштвото спаѓа во групата на големи деловни субјекти и има три подружници и тоа:

- Подружница ЖИТО ЛЕБ со седиште на адреса Железничка бр.30 Штип и со шифра на дејност 10.61 – Производство на мелнички производи,
- Подружница Магацин со седиште на адреса Железничка вр.38 Штип и со шифра на дејност 47.11- Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун.
- Подружница за вршење на сметководствени работи со шифра на дејност 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување.

Макпромет АД основните средства, градежните објекти, постројките и опремата со кои располага им ги има отстапено на користење на друштвата преку оперативен наем.
Бројот на вработените во 2018 година изнесува 66, а минатата година бројот на вработени изнесуваше 70.

## II .Фактори кои влијаат врз работењето на друштвото

Општите услови на стопанисување на ниво на целата држава неминовно се рефлектираа и на работењето на Макпромет АД Штип. Покрај економскиот амбиент битно влијание на работењето имаше и:

- зголемената конкуренција на пазарот во дејностите кои ги остварува Макпромет АД ;
- долгогодишно градење на коректни односи со комитентите;
- интересот за продолжување на соработката со голема доверба.

## III . Основни финансиски извештаи

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година Макпромет АД Штип управувањето и раководењето го организираше преку преземање мерки и активности за подобрување на материјалната и финансиската состојба на друштвата.
Активностите беа насочени кон зголемување на продуктивноста, а со цел ставање во функција и целосно искористување на капацитетите на опремата која беше набавена

во претходните години како и зголемување на обемот на производство, проширување на производствениот асортиман преку воведување на нови производи, како и освојување на нови пазари за пласман на производството.

Состојбата на остварените финансиски резултати на друштвото е претставена во Извештајот за добивка/загуба и сеопфатна добивка даден во продолжение во скратена форма.

**Извештај за добивка/загуба и сеопфатна добивка**

| | 31 декември 2018 000 МКД | 31декември 2017 000 МКД |
|---|---|---|
| **Приходи од продажба (вкупни)** | **85.321** | **96.954** |
| Приходи од продажба во земјата | 83.062 | 89.260 |
| Останати приходи | 2.259 | 7.694 |
| Промена на залихата | 496 | (161) |
| **Вкупни расходи од работењето** | **90.828** | **95.999** |
| **Финансиски приходи** | **520** | **608** |
| **Финансиски расходи** | **318** | **850** |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | **(4.809)** | **552** |
| Останата сеопфатна добивка | / | / |
| Данок на добивка | / | 211 |
| **Нето добивка/загуба за деловната година** | **(4.809)** | **341** |

Состојбата на друштвото поврзана со средствата, обврските и главнината е претставена во продолжение во скратената форма на:

**Извештајот за финансиската состојба**

| | 31 декември 2018 000 МКД | 31 декември 2017 000 МКД |
|---|---|---|
| Нематеријални средства | 221 | 221 |
| Материјални средства | 123.765 | 120.918 |
| Долгорочни финансиски средства | 927 | 923 |
| **Вкупно нетековни средства** | **124.913** | **122.062** |
| Залихи | 4.374 | 4.418 |
| Побарувања од купувачите | 27.559 | 39.001 |
| Краткорочни финансиски средства | 2.630 | 50.117 |
| Останати побарувања и АВР | 7.526 | 6.586 |
| Парични средства | 4.088 | 4.886 |
| **Вкупно тековни средства** | **46.177** | **105.008** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **171.090** | **227.070** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | |
| Главнина | 186.987 | 186.987 |
| Резерви | 269 | 265 |
| Акумулирана добивка/загуба | (76.034) | (76.375) |
| Добивка/загуба за деловната година | (4.809) | 341 |
| Нетековни обврски | 5.053 | 7.609 |
| Тековни обврски | 59.624 | 108.243 |

| ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ | 171.090 | 227.070 |
|---|---|---|

**IV.Анализа на основните финансиски показатели**

Во 2018 год. друштвото оствари негативен финансиски резултат во износ од 4.809 илјади ден.

Остварените оперативни приходи во 2018 година во износ од 85.321 илјади ден. се состојат од:

- приход од продажба на производи во износ од 55.072 илјади ден.
- приход од наемнини во износ од 14.351 илјади ден.
- приход од услуги во износ од 12.350 илјади ден.
- приходи од продажба на суровини во износ од 1.289 илјади ден.
- приходи од наплата на штета во износ од 327 илјади ден. и останати приходи во износ од 1.932 илјади ден.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 90.828 илјади ден. и се состојат од:

- трошоци за суровини и материјали и електрична енергија во износ од 38.593 илјади ден
- набавна вредност на продадени стоки во износ од 2.234 илјади ден.
- набавна вредност на продадени материјали во износ од 1.655 илјади ден
- услуги кои имаат карактер на материјални трошоци во износ од 8.542 илјади ден.
- останати трошоци од работењето во износ од 6.630 илјади ден.
- трошоци за плати и други надоместоци на вработените во износ од 24.713 илјади ден.
- амортизација на материјални и нематеријални средства во износ од 6.928 илјади ден. и
- останати оперативни трошоци во износ од 1.533 илјади ден.

Друштвото има зголемени нетековни средства. Нетековните средства бележат пораст во износ од 9.775 илјади ден. Имено, има вложување во земјиштето за 1.125 илјади ден., во градежни објекти за 1.413 илјади ден. во постројките и опремата за 648 илјади ден. и инвестиции во тек во износ од 6.589 илјади ден. Тековните средства бележат значително намалување односно истите изнесуваат 46.177 илјади ден. а во 2017 година беа во износ од 105.008 илјади ден. ова намалување е како резултат на наплатата на дадените позајмици на поврзаните друштва. Друштвото има намалени нетековни и тековни обврски во однос на претходната година. Ова намалување е најголемо кај обврските спрема поврзаните субјекти. Имено, друштвото по основ на набавки од поврзаните субјекти има обврски во износ од од 16.666 илјади ден. а во 2017 година истите изнесуваа 56.241 илјади ден. а пак обврските по основ на позајмици од поврзаните друштва изнесуваат 13.719 илјади ден. а во 2017 година беа во износ од 23.395 илјади ден.

Во наредниот период ќе се продолжи со преземање на активности за надминување на проблемите и потешкотиите со кои се соочува друштвото во работењето.

**V.Политика на управување со ризиците**

Во своето работење Макпромет АД Штип е изложено на повеќе видови финансиски ризици како што се: кредитен ризик каматен ризик и ризик на ликвидноста.

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачи се голем број на друштва во земјата.

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото не користено вакви кредити и позајмици и депонирани средства во банки, може да се каже дека не постои изложеност спрема ваков вид на ризик.

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото немаше вакви проблеми во своето работењето во 2018 година односно навреме ги извршуваше своите обврски спрема доверителите

**VI.Развој на друштвото во 2019 година**

Во 2019 год. АД Макпромет Штип своето внимание ќе го насочува кон зголемување на приходите од продажба на производи и услуги, преку задржување на постојните клиенти и привлекување на нови потрошувачи на неговите производи со максимално ангажирање на вработените, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетот.

Со залагањето на менаџерскиот тим во насока на истражување на пазарот ќе се создадат претпоставки за остварување на поголем позитивен финансиски резултат.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Пиха Стерјова
Ленче Ѓорѓиева
Миле Атанасов

# Годишен извештај за работењето на
# ГРУПАЦИЈАТА МАКПРОМЕТ АД Штип

## I .Податоци за Групацијата:

Акционерското друштво Макпромет со седиште на ул. д-р Слободан Јовановски бр. 3 Штип е регистрирано како друштво согласно Законот за трговски друштва. Основната дејност на друштвото е производство и трговија со прехранбени производи со шифра на дејноста 52.11. Друштвото е регистрирано и за вршење на голем број други дејности. Единствениот даночен број на друштвото е 4029973111259.

Друштвото во 2017 год. е 100% сопственик на две друштва формирани од него и тоа:

1. Европа ДООЕЛ за производство и трговија на кондиторски производи.
2. Илинден 2002 ДООЕЛ заштитно друштво.

Акционерскиот капитал на друштвото е во вредност од 3.067.442 евра со 59.993 акции. Номиналната вредност на една акција изнесува 51.13 евра.

Друштвото спаѓа го групата на големи деловни субјекти и има три подружници и тоа:

- Подружница ЖИТО ЛЕБ со седиште на адреса Железничка бр.30 Штип и со шифра на дејност 10.61 – Производство на мелнички производи,
- Подружница Магацин со седиште на адреса Железничка вр.38 Штип и со шифра на дејност 47.11- Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун.
- Подружница за вршење на сметководствени работи со шифра на дејност 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување.

Органи на управување и раководење со друштвото се: Собрание и Одборот на директори. Друштвото има едностепен систем на управување.

Бројот на вработените во Групацијата во 2018 година изнесува 189 а во 2017 год. 216. Во матичното друштво бројот на вработени е 66. Во ДООЕЛ Европа бројот на вработени изнесува 87. Бројот е зголемен заради присоединувањето кон друштвото на ДООЕЛ Макмонтинг М со датум 31.12.2017 год. со завршувањето на постапката за присоединување, ДООЕЛ Макмонтинг М престана да постои како правен субјект, без постапка за ликвидација. Деловните активности на подружницата продолжија во неограничен континуитет во рамките на ДООЕЛ Европа Штип. Во ДООЕЛ Илинден 2002 вработени се 36.

## II .Фактори кои влијаат врз работењето на Групацијата

Општите услови на стопанисување на ниво на целата држава неминовно се рефлектираа и на работењето на Групацијата Макпромет АД Штип. Покрај економскиот амбиент битно влијание на работењето имаше и:

- зголемената конкуренција на пазарот во дејностите кои ги остварува Макпромет АД преку своите друштваа;
- долгогодишно градење на коректни односи со комитентите;
- интересот за продолжување на соработката со голема доверба.

## III . Основни финансиски извештаи

Во периодот од 0.1.01.2018 до 31.12.2018 година Групацијата Макпромет АД Штип управувањето и раководењето го организираше преку преземање мерки и активности за подобрување на материјалната и финансиската состојба на друштвата. Активностите беа насочени кон зголемување на продуктивноста, а со цел ставање во функција и целосно искористување на капацитетите на опремата која беше набавена во претходните години како и зголемување на обемот на производство, проширување на производствениот асортиман преку воведување на нови производи, како и освојување на нови пазари за пласман на производството.

Состојбата на Групацијата поврзана со остварените финансиски резултати е претставена во скратената форма на:

**Извештај за добивка/загуба и останата сеопфатна добивка**

| | 31 декември 2018<br>000 МКД | 31декември 2017<br>000 МКД |
|---|---|---|
| **Приходи од продажба (вкупни)** | **331.291** | **378.020** |
| Приходи од продажба | 322.731 | 365.126 |
| Останати приходи | 8.560 | 12.895 |
| Промена на залихата | 634 | (189) |
| **Вкупни расходи од работењето** | **309.292** | **359.483** |
| **Финансиски приходи** | **7.257** | **2.782** |
| **Финансиски расходи** | **5.008** | **8.650** |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | **19.882** | **12.481** |
| Останата сеопфатна добивка | / | / |
| Данок на добивка | 1.519 | 1.751 |
| **Нето добивка за деловната година** | **18.363** | **10.730** |

Состојбата на Групацијата поврзана со средствата, обврските и главнината е претставена во продолжение во скратената форма на:

**Извештај за финансиската состојба**

| | 31 декември 2018<br>000 МКД | 31 декември 2017<br>000 МКД |
|---|---|---|
| Нематеријални средства | 1.856 | 1.934 |
| Материјални средства | 194.805 | 184.072 |
| Долгорочни финансиски средства | 53.064 | 53.064 |
| **Вкупно нетековни средства** | **249.725** | **239.070** |
| Залихи | 61.012 | 62.356 |
| Побарувања од купувачите | 172.619 | 187.274 |
| Краткорочни финансиски средства | 38.329 | 37.490 |
| Останати побарувања и АВР | 14.088 | 15.045 |
| Парични средства | 10.595 | 10.046 |
| **Вкупно тековни средства** | **296.643** | **312.844** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **546.368** | **551.381** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **267.224** | **248.738** |
| Главнина | 186.987 | 186.987 |
| Резерви | 416 | 292 |
| Акумулирана добивка/загуба | 61.458 | 50.729 |
| Добивка за деловната година | 18.363 | 10.730 |
| Нетековни обврски | 43.891 | 51.526 |
| Тековни обврски | 235.253 | 251.117 |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **546.368** | **551.381** |

**IV.Анализа на основните финансиски показатели**

Во 2018 год. Групацијата оствари позитивен финансиски резултат пред оданочување во износ од 19.882 илјади ден. односно 18.363 илјади ден. по оданочување И покрај отежнатите услови на работа остварен е позитивен финансиски резултат пред се како резултат на максимално залагање на вработените и менаџерскиот тим.

Остварените оперативни приходи во 2018 година во износ од 331.291 илјади ден. се состојат од:

- приход од продажба на производи и услуги во износ од 307.728 илјади ден.
- приход од наемнини во износ од 14.351 илјади ден.
- приходи од продажба на суровини во износ од 652 илјади ден.
- приходи од наплата на штета во износ од 982 илјади ден.
- приходи од отпис на обврски во износ од 4.017 илјади ден.
- и останати приходи во износ од 3.651 илјади ден.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 309.292 илјади ден. и се состојат од:

- трошоци за суровини, материјали и електрична енергија во износ од 144.396 илјади ден.
- набавна вредност на продадени стоки во износ од 23.134 илјади ден.
- набавна вредност на продадени материјали во износ од 3.326 илјади ден
- услуги кои имаат карактер на материјални трошоци во износ од 29.225 илјади ден.
- останати трошоци од работењето во износ од 23.730 илјади ден.
- трошоци за плати и други надоместоци на вработените во износ од 65.241 илјади ден.
- амортизација на материјални и нематеријални средства во износ од 10.358 илјади ден. и
- трошоци за вредносно усогласување на тековните средства во износ од 5.567 илјади ден.
- останати оперативни трошоци во износ од 4.315 илјади ден.

Финансиските приходи се во износ од 2.257 илјади ден, а финансиските расходи се во износ од 5.008 илјади ден. и од нив на камати отпаѓаат 4.476 илјади ден. и 532 илјади ден. се по основ на негативни курсни разлики.

Групацијата во 2018 год. има зголемени нетековни средства како резултат на новите вложувања во износ од 23.987 илјади ден. пред се во опрема и транспортни средства и градежни објекти. Тековните средства изнесуваат 296.643 илјади ден. и бележат намалување во однос на претходната година пред се како резултат на намалените побарувања од купувачите.

Друштвото во 2018 год. има намалени тековни и нетековни обврски. Имено, вкупните обврски на Групацијата изнесуваат 279.144 илјади ден. и се помали за 7.8% во однос на претходната година. Всушност долгорочните обврски се во износ од 43.891 илјади ден. и се помали за 15% во однос на претходната година. Тековните обврски се во износ од 235.253 илјади ден. и се помали во однос на претходната година за 6.4%. Ова намалување е резултат пред се на намалувањето на обврските по краткорочни кредити.

Во наредниот период ќе се продолжи со преземање на активности за надминување на проблемите и потешкотиите со кои се соочува друштвото во работењето.

## V.Политика на управување со ризиците

Во своето работење друштвата на Групацијата Макпромет АД Штип се изложени на повеќе видови финансиски ризици како што се: пазарен ризик, кредитен ризик и ризик на ликвидноста.

Кај ризикот од промена на пазарните цени, Групацијата е изложена на ризици поврзан со цените на основните суровини кои ги користи во процесот на производство и врз кои не може да влијае.

Групацијата Макпромет АД Штип е изложена на кредитен ризик во случај кога нејзините купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачи се голем број друштва во земјата и странство.

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвата нема да бидат во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Групацијата нема вакви проблеми во своето работење.

**VI.Развој на Групацијата во 2019 година**

Во 2019 год. Групацијата АД Макпромет Штип своето внимание ќе го насочува кон зголемување на приходите од продажба на производи и услуги, преку задржување на постојните клиенти и привлекување на нови потрошувачи на неговите производи со максимално ангажирање на вработените, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетот.

Со залагањето на менаџерскиот тим во насока на истражување на пазарот ќе се создадат претпоставки за остварување на поголем позитивен финансиски резултат.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Пиха Стерјова
Ленче Ѓоргиева
Миле Атанасов